

10.10.2011

**ДОДЕЛЕНИ НАГРАДИТЕ ЗА НАЈДОБРА ЛИТЕРАТУРНА ТВОРБА**

По повод 11 октомвri, Денот на востанието на македонскиот народ, во кабинетот на градоначалникот се одржа пригодна свеченост.  Градоначалникот Ангелевски и Димитар Павлевски, учесник во НОБ, на најдобрите учесници на наградниот литературен конкурс им ги врачија наградите.

Во конкуренција на ученици во основното образование, најдобри беа Ана Ангелевска од основното училиште „Гоце Делчев“ Демир Хисар, Благојче Кочанковски од „Даме Груев“ во Смилево и Кристина Трпевска од  „Браќа Миладиновци“ во Жван.

Од средношколците најдобри беа Гордана Николовска која го освои првото место, Катерина Богоеска и Мартина Божиновска кои го освоија второто и третото место.








10/10/2011